САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0301-120
01-11-2018 год.
СКОПЈЕ

Трговско друштво за производство, промет и услуги МОТОЦЕНТАР ДОО експорт-импорт
Бр. 04/491
31/10 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за купопродажба на производи со одложено плаќање

Склучен на ден____________ година, во Скопје помеѓу:

1. **МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје**, со седиште на бул. Србија бр. 10, 1000 Скопје, трансакциска сметка 240010000165268 депонент Универзална Инвестициона Банка АД Скопје , ЕДБ 4030994203810, матичен број 4793404, претставувно од Управителот Горан Гроздоски, ( во понатамошниот текст како **Продавач** ) и

2. **Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК,** со седиште на бул. Кочо Рацин 72г - Скопје, со ЕДБ 4030994240332, претставуван од Јаким Неделков, во својство на претседател на СОНК.

Член 1

Предмет на овој Договор е купопродажба на производи од програмата на МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје, како и давање на услуги, под услови и начин определени со овој Договор, за членовите на СОНК и нивното потесно семејство.

Член 2

Продавачот се обврзува врз основа на заверена и потпишана Изјава од членот на СОНК и Административна забрана-потврда од работодавачот да изврши услуга на барателот наведена во член 1 на овој Договор односно да продава производи за безготовинско плаќање, од програмата и асортиманот застапен во продавниците на Мотоцентар. Со една потврда, издадена и заверена од страна на работодавачот, може да се купува во една од продавниците на Мотоцентар.

*Производите може да се купат до 6 еднакви рати со следниве услови:

- до 6 месечни рати цената на производот има 15% попуст;
- до 3 месечни рати цената на производот има 20% попуст;
- за лицата што се во редовен работен однос кај работодавачот, за плаќањето во кеш попустот е 35%.

Со секој купен пневматик следува бесплатна монтажа и балансирање на монтираните пневматици и бесплатна проверка на преден трап.

*Покрај продажба на производи, продавачот за членовите на СОНК ги нуди и следните услуги со попуст од 20% :

- Вулканизерски сервис
    *монтажа и балансирање
    *поправка на пневматици
- Брз сервис-комплетна проверка на подвозјето
    *спони
    *јабучици
    *гуртни
    *плочи
    *вилушка

*летва
*центрирање на преден трап
*сервисирање и полнење на клима уред со фреон

- Центрирање трап
- Хотел за гуми

Исто така, членовите на СОНК имаат:
- 25% попуст за плаќање на 6 рати без камата со кредитни картички од Стопанска Банка, Тутунска Банка и Халк Банка;
- 15% попуст за плаќање на рати без камата со Diners

Попустот може да се реализира со приложување на доказ односно картичка од фирмата.

Воедно членовите на СОНК бесплатно ќе добијат клуб картичка за лојалност со која за секоја фискална сметка во Мотоцентар ќе добијат клуб поени со кои ќе можат да подигнат некои од вредните награди како што се Таблети, сет алати, правосмукалки за во автомобил, чадори, дуксери, поло маици, патни торби и други вредни награди.

Член 3

Продавачот е должен на лицето што ја подигнало стоката од продавницата или добило одреден вид на услуга, да му даде еден примерок од фактурата за видот и вредноста на купената стока, односно дадената услуга, а еден примерок од Потврдата и фактурата доставува до Работодавачот.

Продавачот е должен еднаш месечно до работодавачот да достави фактури со спецификација поединечно, за секој член на СОНК.

Член 4

Работодавачот се обврзува врз основа на доставените фактури (со вкупниот износ на рати, нивниот број и рокови) да ја организира наплатата на побарувањето во рати, со тоа што при исплатата на платата, работодавачот ќе ја запира ратата и ќе ја уплаќа на жиро сметка на продавачот-240010000165268, депонент Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и ЕДБ 4030994203810. Работодавачот е должен при плаќањето на фактурата задолжително да се повика на бројот на фактурата.

Синдикалната организација ( или работодавачот), во која членува лицето, е должна по извршената уплата на секоја рата, до продавачот да достави список на лицата на кои им е одбиена ратата како и да го наведе износот што им е задржан за отплата на ратата.

Член 5

Синдикалната организација на СОНК се обврзува да организира издавање на потребните документи дека барателот е член на СОНК и дека е во редовен работен однос, како и до кој износ е солвентен да плаќа за услугите од член 2.

Доколку барателот на услуги е вработен на определено време, работодавачот му издава административна забрана каде го наведува датумот до кога важи договорот и врз основа на тоа го одредува бројот на рати.

Член 6

Во случај на престанок на работниот однос на вработениот или преместување кај друг работодавач, синдикалната организација ќе го извести продавачот за престанокот на работниот однос на барателот. Барателот е должен да го подмири долгот кон продавачот, а продавачот во спротивно може да пристапи кон организирање на потполна наплата на направениот долг од страна на барателот на услуги.

Во случај на боледување над 30 дена на лицата кои подигнале стока или добиле одреден вид на услуга, должни се својот долг да го платат вирмански.

Член 7

Во случај на нередовно плаќање од страна на член на СОНК, продавачот е должен да ги извести потписникот на овој договор - СОНК како и претседателот на синдикалната организација во која е член барателот, со цел да се регулира и надмине таквата состојба.

Член 8

Договорот се склучува на неопределено време и стапува на сила со денот на негово потпишување од двете страни. Доколку една од договорните страни побара негово раскинување, истата е должна тоа да го направи по писмен пат со наведување на причините за раскинување на договорот со отказен рок од 30 дена. Измени и дополнувања на договорот се вршат по писмен пат на предлог на една од договорните страни со склучување на анекс договор кон основниот договор.

Член 9

Во случај на спор договорните странки ќе се обидат истиот да го разрешат спогодбено, а во спротивно решава надлежниот Основен суд во Скопје.

Член 10

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примероци од кои по еден за секоја договорна странка.

**МОТОЦЕНТАР ДОО Скопје**

**Управител,**
**Горан Гроздоски**

**Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија**
**Претседател,**
**Јаким Неделков**